Уп. бр. 08-55

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Вега ДОО Ваљево со регистрирано седиште на Др Боре Благојевича, бр.30 Ваљево, Република Србија, доставено преку Адвокатско друштво Георгиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 03.04.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Вега ДОО Ваљево со регистрирано седиште на Др Боре Благојевича, бр.30 Ваљево, Република Србија ќе се стекне со целосна контрола над ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора, Фармегра д.о.о. Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора, Феникс д.о.о. Бијељина со седиште во Доња Љељенча 015Б, Љељенча Бијељина, Република Српска, Босна и Херцеговина и Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска Магистрала, бр. 31 Скопје - Бутел, Северна Македонија, преку директно стекнување на 100% од уделите во друштвата, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.03..2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Вега ДОО Ваљево со регистрирано седиште на Др Боре Благојевича, бр.30 Ваљево, Република Србија, со кое Вега ДОО Ваљево ќе се стекне со целосна контрола над ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1,

Подгорица, Црна Гора, Фармегра д.о.о. Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора, Феникс д.о.о. Бијељина со седиште во Доња Љељенча 015Б, Љељенча Бијељина, Република Српска, Босна и Херцеговина и Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска Магистрала, бр. 31 Скопје - Бутел, Северна Македонија, преку директно стекнување на 100% од уделите во друштвата.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ВЕГА ДОО ВАЉЕВО** е веледрогерија која работи со увоз, набавка, складирање, продажба и дистрибуција на лекови, медицински помагала, диететски производи, козметика и производи за општа намена. Продажниот асортиман на ВЕГА вклучува околу 10,000 артикли, фармацевтски и други производи складирани во простор од 6.500 м$^2$, модерен дистрибутивен центар во Ваљево кој ги исполнува најстрогите барања дефинирани со упатствата за добри дистрибутивни практики (GDP). ВЕГА располага со 90 возила за испорака каде што производите секојдневно се доставуваат до повеќето од 3.900 објекти особено пред приватни и јавни аптеки, здравствени домови, болници, клиники и клинички центри во Република Србија.

-**ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица** е приватна здравствена установа која врши трговија на мало со фармацевтски производи во специјализирани продавници – аптеки, малопродажни продавници кои продаваат лекови на мало на лековите на рецепт. Нивниот асортиман вклучува и лекови без рецепт, медицински помагала, додатоци во исхраната, козметика и артикли за општа намена.

-**Фармегра д.о.о. Подгорица** Фармегра Подгорица врши дејност на трговија на големо со фармацевтски производи. Дејноста на Фармегра Подгорица се состои од продажба на големо на лекови, медицински помагала и парафармацевтски производи од домашни и меѓународни производители. Фармегра Подгорица го снабдува црногорскиот пазар со редовен увоз на регистрирани лекови, увоз за спроведување клинички студии, како и увоз на нерегистрирани лекови по посебни барања на купувачите со одобрение од надлежните институции. Фармегра Подгорица врши дистрибуција на производите од дистрибутивниот центар во Подгорица.

-**Феникс д.о.о. Бијељина** е фармацевтска компанија за трговија на големо, основана во 1997 година. Основната дејност на компанијата е медицинско снабдување со лекови и други фармацевтски производи, што е наменето за аптеки, болници и други здравствени установи. Компанијата работи од два модерни регионални дистрибутивни центри, едниот во Бијељина, каде што е седиштето на компанијата, а другиот во Сараево, отворен во 2010 година. Понудата се состои од повеќе од 6.000 артикли и доставувањето и испораката се врши низ територијата на Босна и Херцеговина.

-**Феникс Скопје** врши дејност на трговија на големо со фармацевтски производи, што вклучува увоз, складирање, продажба и дистрибуција на фармацевтски производи. Работата на друштвото се заснова на продажба на лекови, медицински помагала и додатоци во исхраната од домашни и меѓународни производителите. Дистрибуцијата на производите се врши од дистрибутивен центар во Скопје. Најважни клиенти се аптеките, потоа државните болници преку учество на тендери за набавка на лекови и медицински

помагала, додека дел од продажбата се насочува кон други дрогерии и клиники на големо.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**